# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**02.12.2024 год.** **Бр.XVI**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 54-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 29.11.2024 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 54-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 29.11.2024 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-1104/1 од 02.12.2024 Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 54-та седница, одржана на 29.11.2024 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 53-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 07.11.2024 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-1077/3 од 07.11.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 и 68 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024), член 45 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопстевност („Сл.весник на РМ” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија” бр.101/19, 275/19 и 122/21) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 29.11.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за пренесување на правото на сопственост на движни ствари на ЈП „Комуна” Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пренесува правото на сопственост на движни ствари од Општина Крушево на ЈП „Комуна” Крушево без надомест и тоа патничко моторно возило со регистарски таблици ВТ 165 UE:
- марка: Volkswagen Polo 1,5.
- број на шасија: WVWZZZ6NZTY 172376.

- број на мотор: AEV 129513.
- сила на мотор: 33 kw.
- зафатнина на мотор: 1043 $^{см3.}$
- боја: бела.
- година на производство: 1996 година.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Крушево склучува договор со директорот на ЈП „Комуна" Крушево, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1077/4 од 07.11.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 и 68 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ'' бр.202/2024), член 45 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопстевност („Сл.весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 29.11.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за пренесување на правото на сопственост на движни ствари на ЈП „Комуна" Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се пренесува правото на сопственост на движни ствари од Општина Крушево на ЈП „Комуна" Крушево без надомест и тоа патничко моторно возило со регистарски таблици KS 2349 AB , отстапено на Општина Крушево со Решение за отстапување на одземен предмет со правосилна Одлука бр.09-2406/2 од 03.05.20218 година.

-марка: пмв Нисан Примера.
- број на шасија: SJNFAAP 11U0078987.
- број на мотор: 3798350.
- сила на мотор: 73 kw.
- зафатнина на мотор: 1597 $^{см3}$
- боја: сива металик.
- година на производство: 1998 година.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Крушево склучува договор со директорот на ЈП „Комуна" Крушево, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1077/5 од 07.11.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ'' бр.202/2024), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16; 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 82/20, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 29.11.2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на извештајот за финансиското работење на ЈП "Комуна" Крушево за периодот 01.01.2024-30.09.2024 година**

1. Советот на Општина Крушево, го усвојува извештајот за финансиското работење на ЈП "Комуна" Крушево за период 01.01.2024-30.09.2024 година, бр.05-190/1 од 30.10.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-1077/6 од 07.11.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ'' бр.202/2024) член 20б став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на РМ" бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 „Сл.весник на РСМ" бр.143/19, 14/20, 302/20 и 208/24) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14;7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 29.11.2024 година, даде:

## С О Г Л А С Н О С Т
## на измената и дополнувањето на Годишниот План за вработување за 2024 година на ЈП „Комуна" Крушево

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на измената и дополнувањето на Годишниот План за вработување за 2024 година на ЈП „Комуна" Крушево, бр.01-215/1 од 20.11.2024 година.

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ЈП „Комуна" Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-1077/7 од 07.11.2024 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**Ре.бр.** **стр.**


1.Заклучок за објавување на актите донесени на 54-та седница на Советот на Општина Крушево …. 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 53-та седница на Советот на Општина Крушево ....... 1
3. Одлука за пренесување на правото на сопственост на движзни ствара на ЈП „Комуна" Крушево ........................................................... 1
4. Одлука за пренесување на правото на сопственост на движни ствари на ЈП „Комуна" Крушево ................................................................ 2
5. Заклучок за усвојување на извештајот за финансиското работење на ЈП „Комуна" Крушево од 01.01.2024-30.09.2024 година ........................... 2
6. Согласност на измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈП „Комуна" Крушево ........................................... 3
7. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2025 година . 4
8. Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2025 година ..4
9. Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Крушево за 2025 година ........................................ 4
10. Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Крушево за 2025 година ........ 4
11. Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 година ..................4


Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.